Барање за прибирање на понуди од приватни субјекти за адаптација и реконструкција на објекти за отварање на мали станбени единици за живеење со поддршка

Дата: 11.08.2021 **Број: 0302-94**

Во рамки на проектот "Supporting the resettlement of persons with intellectual disabilities from the residential institution of Demir Kapija into community based supported living settings" со референтен број IPA/2019/414-203 кој се имплементираат под ЕУ грантова шема „Поддршка за процес на деинституционализација во социјален сектор" која го поддржува процесот на деинституционализација во корист на услугите базирани на заедницата, имплементација на одржливо живеење во заедница и социјални услуги во заедницата во согласност со целите и планот за имплементација на „Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027)" – **се врши прибирање на понуди од приватни субјекти за адаптација и реконструкција на објекти за отварање на мали станбени единици за живеење со поддршка** за имплементација на предвидените проектни активности.

Во вашата понуда наведете информации и цени за**:**

1. **Адаптација и реконструкција на објект 1**

Ул. Првомајска бр. 8

Потреби за адаптација и реконструкција:

- Уредување (израмнување) на дворно место 100 до 150 м2;
- Поставување на надворешна ограда на дворно место и балкон
- набавка и монтажа на три (3) внатрешни врати,
- набавка и монтажа на вц школка, лавабо, преточен бојлер;
- набавка и монтажа на чешми за лавабо, туш чешма;
- преградување со шибер (лизгачка врата на дел од ходникот);
- изработка на монтажна пристапна рампа;
- адаптација на дел од надворешниот балкон за монтирање на монтажната пристапна рампа;
- Молерисување на внатрешноста на објектот (колор)– 66м2;
- Фарбање на ограда и други површини;

2. **Адаптација и реконструкција на објект 2**

Ул. Маршал Тито бб.

Потреби за адаптација и реконструкција:

- Адаптација и реконструкција на внатрешниот дел од објектот 228 м2;

- преградување на дел од просторот во неколку засебни соби (21м2, 15м2,15м2) детално објаснето во скиците дел од повикот анекс 1 (со користење на материјали за изолација од вода, струја, стаклена волна, гипс картон и инсталација на струја во секоја од спалните соби);

- адаптација на постоечки тоалети (тоалет еден со адаптација за туш кабина)

- проширување на внатрешни прозорци во делот на дневна и трите спални соби (4 x 80 см), детално објаснето во скиците, дел од повикот анекс 1

- набавка и монтажа на нови прозорци;

- адаптација на кујната,

- набавка и монтажа и соодветна припрема за прозорец во кујна 200см, детално објаснето во скиците дел од повикот анекс 1

- изолација и вградување на внатрешен кров (таван) со гипс картон и соодветна заштита за греење и ладење;

- изолација од влага и вградување на гипс картон на постоечките внатрешни ѕидови;

- внатрешна водоводна и електрична изолација;

- изолација и поставување на ламинат или друг вид на материјал на подот;

- молерисување на внатрешниот дел од објектот (колор);

- фарбање на надворешен и внатрешен дел од објектот;

- изработка на пристапни рампи, на влезна внатрешна врата, пристапна рампа од дневна кон ходникот за спалните соби;

- нулирање и пристапност на целиот внатрешен и надворешен простор;

- уредување на носечката греда со гипс картон;

* Напомена: секоја дополнителна непредвидена работа при адаптација и реконструкција се договара со договорниот орган;

* Напомена: Доколку во описот се испуштени некои работи за адаптација и реконструкција се опишани во скиците анекс 1;

Набавката не е деллива.

Цената на услугата да биде прикажана со и без ДДВ.

Понудите треба да бидат испратени преку е-меил на следнава е-меил адреса: **sashejovanov@humanost.org.mk**

Рок за доставување на понудите: пет (5) работни денови од 11.08.2021 до 17.08.2021 со крајот на работниот ден

*Со избраната фирма со најниска понуда, ќе се склучи договор каде што ќе биде наведено времетраењето на адаптација и реконструкција на објектите и начинот на плаќање.

Проектот е поддржани од **Европската Унија.**

Контакт:
Сашко Јованов- 072 229 418, sashejovanov@humanost.org.mk ;